2/3

Република Северна Македонија
**Министерство за образование и наука**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Arsimit dhe Shkencës**

Арх. Бр. 19 - 12299/5
Датум ___________

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
Скопје-Shkup

| Примено: Pranuar: | 17 -12- 2024 | | |
|---|---|---|---|
| Орган. един. Njës. org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 40 | 11251 | 1 | 2 |

13 DEC 2024

**ДО:**

- Универзитетско студентско собрание на УКИМ
- Влада на Република Северна Македонија - Генерален секретаријат

**ПРЕДМЕТ:** Известување
**ВРСКА:** Достава на предлог иницијатива од Универзитетско студентско собрање на УКИМ заведено со Ваш арх. Бр. 40-11251/1 од 11.11.2024 година

**Почитувани,**

Министерството за образование и наука го поздравува и поддржува дијалогот помеѓу Владата на Република Северна Македонија и граѓанскиот сектор, и секоја доставена иницијатива која содржи предлози и предлог решенија во насока на подобрување на квалитетот на високото образование, како и унапредување на студентскиот стандард, ќе биде внимателно разгледана.

Во врска со доставената предлог иницијатива од Универзитетско студентско собрание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" – Скопје и приложениот Студентски манифест, Ве известуваме дека истите во поголем дел се прифатливи и релевантни, односно во нив се содржани целите и интересите за кои се заложува и Министерството за образование и наука во рамките на својот буџет, кој значително ќе биде зголемен во годината која ни претстои.

Во таа насока, основани се работни групи за подготовка на пакет закони од областа на образованието кои веќе се влезени во Собраниска процедура, а се работи и на нови текстови на Законот за ученичкиот стандард и Законот за студентскиот стандард. Одржани се неколку состаноци и веќе има работна верзија, во која активно учество како член има и претседателот на УСС УКИМ - Александар Николовски.

Исто така, Националниот совет за високо образование и научно истражувачка дејност веќе работи на изготвување на Националната програма за високо образование и Уредбата за финансирање на високото образование. Како еден од главните приоритети


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

на Министерството во периодот кој следи, е и изработка на нов Закон за високо образование, кој ќе обезбеди подобри можности за студентите и професорите, но и ќе ги подигне стандардите за квалитет во високото образование.

Министерството за образование и наука секогаш стои на располагање и е отворено за соработка со граѓанскиот сектор и сите инволвирани страни од областа на образованието и науката во насока на негово подобрување.

**Со почит,**

МИНИСТЕРКА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
проф. д-р Весна Јаневска

Подготвил: Горан Тодоровски
Контолирал: Ќенан Сали
Согласен: Џемиле Идризи, Лидија Михајловска
Одобрил: Анастасија Трајковска


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ministria e Arsimit dhe Shkencës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија
Rr. „ Shën Kirili dhe Metodi " nr. 54 Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk